**Михајло Апостолски. Погледи врз југословенско-бугарските односи во Втората светска војна. Скопје, 1982. НИК „Наша книга, 430.**

Монографското дело на академикот Михајло Апостолски што под горниот наслов излезе од печат минатата година на македонски, а потоа веднаш беше преведено и на српскохрватски јазик, несомнено се вбројува меѓу врвните остварувања на нашата историографија.

Трудот изнесува 430 страници (чукан текст со новинарски проред) и претставува една мошне научно важна и политички актуелна тематика од југословенско-бугарските односи за време на Втората светска војна.

Трудот е пишуван врз богата изворна граѓа и стручна литература и врз богато искуство на авторот како современик и актер на настаните.

Студијата концепциски е осмислена и методолошки изложена во 4 главни делови, поделени во повеќе глави со соодветни наслови и поднаслови. Во почетокот трудот е придружен со опширен увод во кој авторот ги изнесува најсуштинските стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата кај југославенските народи со посебен осврт врз нејзиниот развиток во Македонија. Во трудот овие концепции авторот ги анализира со намера читателот да може преку нивното автентично согледување самиот да прави паралела и да ги оценува концепциите на односот на Бугарската работничка партија комунисти спрема нашата НОВ и Револуцијата. Истовремено авторот во уводот си поставил задача преку компаративна метода на историскиот материјализам да го изнесе местото и улогата на БРП (к) во текот на Втората светска војна како организатор на движењето на отпорот во Бугарија и како создавач на НР Бугарија по 9 септември.

Во дел I, глава Прва се анализира местото и улогата на царска Бугарија во Втората светска војна. Појдовното сознание на авторот за држењето на Бугарија во историјата на Балканот е содржано во констатацијата дека тоа од своето формирање секогаш проследувала агресивна политика за територијално проширување и хегемонија на Балканот со потпирање врз империјалистичките сили. Меѓутоа, секогаш таквата политика од историјата била казнувана со војнички катастрофи. Но и покрај таквите катастрофи, во кои најмногу страдал бугарскиот народ, Бугарија никогаш не извлекла историска поука и нејзината агресивна политика во Втората светска војна ја доведува на страната на фашистичките сили. За своето пристапување, освен големите територијални проширувања, тоа беше ангажирана како хитлеровски жандарм на Балканот против Југославија, Грција и СССР. Авторот опширно полемизира со бројните автори кои се обидуваат на фашистичка Бугарија и на нејзината армија да им определат поинаква улога и статус освен хитлеровски жандарм на Балканот. Посебно авторот иронизира и ги исмејува оние автори кои настојуваат на бугарската фашистичка армија да ѝ препишат некаква прогресивна улога,

која оди дотаму што бугарската фашистичка армија помогнала дури да се развие и НОВ во Југославија. Во продолжение авторот ја анализира и погрешната тактика на БРП (к) која советуваше бугарската фашистичка армија војнички да не се разбива туку со служење на комунистите во нејзините редови одвнатре да се разбива. Авторот ваквите погледи на БРП во врска со нејзиното повикување кај македонските комунисти ги анализира низ аспектот на меѓународното јавно и воено право и оценува дека е тоа противправен акт, дека тоа одудира и претставува прифаќање на окупацијата на Македонија и поробување на македонскиот народ и народностите. Ваквите свои констатации М. Апостолски во својата студија ги потврдува со приведување на бројна документација не само од тогашното време туку и од најново време. Ваквиот опорнистички став и однос на БРП спрема македонската и воопшто југословенската револуција уште на самиот нивен старт авторот го поврзува со застапувањето на великобугарските позиции за Санстефанска Бугарија кои беа раководно начело во нејзиното неповикано мешање во проблемите на борбата на македонскиот народ. Посебно авторот ја анализира ескалацијата на великобугарските ставови на БРП (к) по резулуцијата на коминформот која послужи како политичка база на бугарската историографија да изврши чудовишна рехабилитација на фашистичката бугарска армија која што еднаш ја имаше осудено за нејзините ѕверства и пљачкања во Македонија и Србија кои беа еднакви со оние што ги вршеа германските разбојници во СССР. Со наведување на бројни изворни документи од самото време луцидно ја покажува нивната апсурдност и тенденциозност за извртување историската вистина и глорифицирање улогата и придонесот на бугарската царска фашистичка армија.

Втората глава од овој дел е посветена на формирањето и дејствувањето на контрареволуционерните сили во Македонија во периодот меѓу 1941-1945 година. Авторот, откако говори општо за појавата на контрареволуционерните сили за ослободителната борба на југословенските народи и народности истите ги сврстува и квалификува како претставници на реакцијата за зачувување и поврат на буржоаските поредоци. Нивната појава во Македонија освен со историските услови ја поврзува и од аспектот на посебните интереси на многубројните завојувачи спрема македонскиот народ. За разлика кај другите народи авторот посебно ја потцртува нивната специфичност како агентура на балканската буржоазија. При анализирањето на политичките платформи во дејствувањето на овие контрареволуционерни сили во Македонија, М. Апостолски посебно се задржува на коинциденцијата на БРП (к) со паролата за независна и обединета Македонија во моментот кога македонската револуција ги остваруваше своите цели во југословенската револуција. Авторот зад оваа парола ја согледува тенденцијата за издвојување на Македонија од југословенската заедница и да се продолжи неговото ропство.

Ваквиот тсав на БРП (к) и отечествениот фронт изразен во нивната декаларација 1943-та година во моментот кога не се признаваше индивидуалноста на македонскиот народ со право го смета, по диверзијата со Методија Шаторов Шарло и со бугарскиот делегат, за ново мислење во неговите животни проблеми, што било спротивно на целите на македонската револуција и на стратешките концепции на КПЈ.

Третата глава од овој дел е посветена на разгледување на односот на БРП (к) спрема востанието во Македонија од 1941 до 1945 година. Низ детална анализа авторот го следи ставот и односот на БРП (к) спрема развитокот на востанието и револуцијата во Македонија во контекстот на југословенската револуција. Врз база на синтетичката анализа авторот констатира дека ова неповикано мешање на БРП (к) лежело во основните концепции на нејзиниот неправилен однос спрема македонското национално прашање посебно спрема постоењето на македонската нација. Во продолжение авторот констатира дека БРП (к) развивала стратешка концепција со која се прифаќа окупацијата на Македонија што била спротивна на целите на македонската революција. Потврда за ваквата своја оценка авторот наоѓа во тезата: една држава една партија којашто македонските комунисти отворено ја осудија и оценија како мешање, кое одело кон тоа да се спречи ослободувањето на македонскиот народ. Определувајќи го својот современе однос кон тогашното мешање на БРП (к) во ослободителната борба на македонскиот народ авторот наоѓа нова потврда и во сегашната политика на Бугарија спрема Македонија.

Првата глава од вториот дел на студјиата е посветена на разгледувањето на ослободителната борба на Македонија. Со цел да даде што потполна оценка за разбирање карактерот и суштината на општонародното востание и револуцијата на македонскиот народ, изведена во рамките на југословенската револуција, авторот во оваа глава дава опширна ретроспектива на најважните моменти од ослободителната борба на македонскиот народ и народностите. Создавањето на Комунистичката партија на Македонија авторот го оценува за посебно значајно за понатамошниот развиток на востанието. Според авторот целите на востанието и револуцијата биле протерување на окупаторот, национално и социјално ослободување и сопствена државност која се обезбедувала со создавањето на револуционерната власт.

Втората глава од овој дел е посветена на движењето на отпорот на бугарскиот народ. Авторот него не го идентификува со сличните движења во другите земји, туку го разделува како составен дел од класната борба на бугарската работничка класа и бугарскиот народ против сопствената буржоазија за воспоставување нова демократска власт под раководство на БРК (к). По извршената анализа на појавените форми на дејствување авторот дава критичка оцена на ангажираноста на БРП(к) за враќање на бугарскиот окупационен корпус од Србија и изведува заклучок дека такво барање не било покренато за повлеку-

вање од Македонија и од Грција. Ова авторот го поврзува со неослободеноста од фикс идејата за Санстефанска Бугарија. Ова двосмислено однесување на БРП (к) во текот на војната авторот го коментира со сегашното однесување на официјална Бугарија и изведува интересна конциденција.

Третата глава од овој дел ја проучува соработката на НОВ на Југославија и движењето на отпорот во Бугарија во борбата против фашизмот во периодот 1941 до 9 септември 1944 година. Во почетокот авторот ја расклинкува бескрупулозната кампања во најново време во која се негира интернационалната поддршка и революционерната соработка на југословенските револуционерни сили со бугарското движење на отпорот. Авторот наспроти бројните фалсификати и глорификации за уделот на БРП(к) во оваа соработка критички и објективно ја прикажува таа соработка онака како што историски се развивала и остварувала.

Глава Прва од дел III е посветена на првите контакти за соработка на меѓународно ниво со новата отечествено-фронтовска власт во Бугарија по 9 септември. Авторот опширно се задржува и ги анализира напордите и придонесот на КПЈ посебно на Јосип Броз Тито за вклучување на отечествено-бугарската армија во завршните борби против фашистичка Германија изнесувајќи непознати моменти и факти од таквата соработка. Во заклучокот за оваа меѓународна соработка М. Апостолски истакнува дека нова Југославија достојно го исполнила својот интернационализам спрема бугарскиот народ во најкритичкиот момент за неговиот опстанок.

Глава Втора од овој дел е посветена на операциите на единиците на НОБ и ПОЈ за да се задржи повлекувањето на германската армиска група „Б“ од Грција. Во оваа глава авторот дава опширен аналитички осврт на новите услови во кои се најде македонската револуција по капитулацијата на Италија и Бугарија. И овде авторот полемизира со бројни автори кои ги извртуваат историските факти за борбите и придонесот на југословенската Народноослободителна војскат и Отечествено-фронтовската бугарска армија.

Глава трета од истиот дел е посветена на разгледување на заедничките дејства на НОВ и ПОЈ и единици на отечествено-фронтовската бугарска армија во Србија и Македонија. Наспроти фалсификувањата и глорификациите што ги прави бугарската историографија за овие заеднички дејства, тие во студијава се анализирани и изложени научно и објективно со приведување на бројна документација и оценки на самите бугарски раководители во време како на војната, така и по неа до појавата на Коминформот.

Глава прв од дел IV е посветена на разгледување задниината на измислените борби во одбранбената фаза на војната. И овде авторот отворено полемизира и ги подложува на остра критика глорификациите и измислиците за борбите на бугарската отечествено-фронтовска армија во одбран-

бената фаза на војната. Ваквите измислени факти и фалсификати авторот енергично ги отфрла и оповрнува како неточни и злонамерни.

Во глава Втора од овој дел се анализира заднината на величењето на бугарската армија како метод за потценување на НОВ и Револуцијата кај југословенските народи. Авторот полемизира со бројни автори кои си ставиле неблагодарна задача со минимизирање на југословенската револуција и нејзиниот придонес за победата на фашизмот да се глорифицира улогата на бугарската отечествена армија. Глава Трета конкретно ги разгледува односите на раководителите на бугарската армија спрема заедничкото содејство во завршните операции. Истата проблематика се анализира и во глава четврта и се дополнува со меѓусебната помош и соработка на југословенските народи со бугарскиот народ. И овдека авторот полемизира со бројните автори кои поинаку и неисториски ја прикажуваат оваа соработка од времето на борбите против заедничкиот непријател во Втората светска војна. Студијата завршува со заклучок, во кој авторот ги изнесува своите оцени и констатации за југословенско-бугарските односи во време на Втората светска војна. На крајот студијата завршува со објавување на бројни прилози со коментари на авторот на дел од објавената историска литература, во која се обработуваат југословенско-бугарските односи од овој период.

Од довде извлечената содржина произлегува констатацијата дека студијата на академикот Михаило Апостолски третира мошне важни проблеми од југословенско-бугарските односи за време на Втората светска војна кои и ден денеска се актуелни и имаат современо значење. Авторовите анализи и оценки се базираат врз бројна документација од која еден дел за првпат се објавува и врз авторовото ангажирано учество во самите настани не само како сведок туку и како актер во нив заземајќи високи одговорни воени функции.

Во студијата југословенско-бугарските односи се анализирани и оценети историски и научно онака како што се развивале, а не онакви какви што се претставуваат во сегашната политизирана бугарска историографија и политичка публицистика. Како таква студијата пополнува една празнина и претставува нов придонес на нашата наука за добивање на поцелосна претстава за местото и значењето на овие односи во најновата историја на југословенско-бугарските односи.

Растислав ТЕРЗИОВСКИ
Орде ИВАНОСКИ